**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 септември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,47 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фијат Цаноски, Лазар Китановски, Тале Герамитчиоски, Јани Макрадули, Никола Рилковски, Радмила Шеќеринска, Никола Поповски, Никола Ќуркчиев, Иван Стоиљковиќ, Марјан Додовски, Љубчо Георгиевски, Фљора Кадри и Даут Реџепи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 94 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети, Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Државната изборна комисија.

Записниците од Вторaта и Третата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците?

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Јас процедурално нешто ќе кажам, немам забелешка на записниците, но вие рековте на седницата, со оглед на тоа што се водат стенографски белешки, присутни се 94 пратеници, толку се евидентирани.

**Љубиша Георгиевски:** Добро што го направивте.

Дали има некој спор по однос на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Втората и Третата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да ја образложи итноста на Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Светлана Јакимовска. Повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, пратеници.

Предлагам согласно членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија дневниот ред на оваа Шеста седница на Собранието да се дополни со следната точка, а тоа е Верификација на мандатите на двајца пратеници на Соббранието на Република Македонија. Ова од причина што со членот 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е утврдено дека верификацијата на мандатот на пратеници избрани на дополнителни избори или кои станале пратеници од листата на остатокот на мандатот, Собранието ја врши на првата наредна седница врз основа на извештајот на Државната изборна комисија, а по предлог на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Согласно оваа одредба на Деловникот, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на седницата одржана на 28 септември 2006 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за сите преземени работи согласно членот 153 од Изборниот законик и му предлага на Собранието да ги верифицира мандатите на избраните пратеници од листите на кандидати за остатокот на мандатот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот за верификација Ви е поделен.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Процедурално има Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Од името на Пратеничката група на СДС би сакала да го кажам нашиот став по повод почетокот на денешната седница. Имено, се покажа дека парламентарното мнозинство не е во состојба да собере кворум за ваква важна седница на која што имаме исклучително важни закони за носење, за кои што сме сите убедени дека треба да се донесат во име на нашите европски и евроатлански интеграции.

Ние како пратеничка група покажуваме конструктивност и обезбедуваме кворум на оваа денешна седница само заради тоа што сметаме дека треба да имаме конструктивна расправа, поготово за вакви важни закони и по повод верификација на мандатот. Меѓутоа, упатувам на тоа дека парламентарното мнозинство треба за секоја седница да го обезбеди кворумот кој што е неопходен за донесување на закони, за функционирање на системот и дека е ова можеби една од ретките седници на која што ние ќе обезбедуваме кворум и ќе повторам, само во функција на важноста на законите што треба да се донесат и верификацијата на мандатите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вашиот коментар го земам аднотам, а за вашата конструктивност ви благодарам.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 70 пратеници, воздржани нема, против нема, а вкупно гласале 70 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Бидејќи Владата на Република Македонија побара Предлогот на законот за полиција и Предлогот за донесување на Законот за следење на комуникациите, со Предлог на закон да бидат разгледани на посебна седница на Собранието, предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74, за гласале 73, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2.Предлог на закон за полиција;

3.Предлог за донесување на закон за следењет на комуникациите, со Предлог на закон.

Процедурално се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Почитувани дами и господа, почитувани колеги пратеници.

Врз основа на членот 66 и 72 ние како коалиција ДУИ и ПДП бараме точката на Предлог-законот за полиција да се повлече од дневен ред бидејќи не е обезбеден поширок политички консензус, не е обезбедено еден поширок етнички консензус. Затоа, имајќи го предвид тоа дека нашава земја е една мултиетничка држава и еден вакво консензус е многу потребен, бидејќи законите кои што се носат овде во ова Собрание, треба да се имплементираат во секојдневниот живот, ние како коалиција и парламентарна група бараме да се обезбеди овој консензус и оваа точка да се отстрани од дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека вашата интервенција е политичка, не е процедурална.

Дали уште некој бара збор?

Господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа.

Мојата интервенција навистина ќе биде процедурална и деловничка. Либерално-демократската партија при лидерските средби кои ги имаше премиерот господинот Никола Груевски, го искажа својот став, доколку Законот за полиција биде предложен онака како што беше од претходната Влада без додатни амандмани, дека таквиот закон ќе го поддржи. Деновиве бевме сведоци на различни изјави од премиерот, од координаторот на Пратеничката група на ДПА, координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и навистина не се знае што навистина размислуваат и каков закон сакаат да донесат пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА. Но, она што сакам процедурално да интервенирам, господине претседателе, бидејќи вие сте најповиканиот да го спроведувате Деловникот за работа во Собранието. Согласно член 160 од Деловникот на Собранието, Предлогот на закон се поднесува во форма во која се донесува Законот во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на Предлогот за донесување на законот односно Нацртот на законот. Сметам дека е направена процедурална деловничка грешка која што е спротивна на членот 160. Би било добро вие кој што го составувате дневниот ред и кој што треба да се грижите за Деловникот, да направите консултација со премиерот и со оглед на тоа што имаше и најава од најразлични амандмани, да сега незнам каква е ситуацијата и со оглед на тоа што не е почитуван членот 160 од Деловникот за работа, тогаш би било добро овој закон да го ставите како Предлог за донесување на закон со Предлог на закон, што нема проблем доколку биде во ваква форма како што е досега предложен, ние да го гласаме. Но, со оглед на запазувањето на процедурата, ве молам тоа да го направите и да не дојдеме во ситуација, бидејќи имаме неколку седници каде што процедурата е запоставена и која што преминува во пракса. Тоа е мојата забелешка, претседателе, а оставам вие како ќе одлучите.

**Љубиша Георгиевски:** Да, вашата забелешка е процедурална. Она што тука збунува е што спомнувате дека процедурата се крши и преоѓа во пракса. Претходното мнозинство го кршеше токму член 160 од Деловникот, токму во вид на пракса. Собранието работи во континуитет и нема нов состав.

Прво, ќе ви кажам неколку примери. Законот за земјоделска инспекција. Предлогот за донесување на Законот е усвоен на 30 мај 2003 година. Законот е донесен на 11 јуни 2004 година. Прекршен член 160.

Второ, Законот за Стопанска комора на Македонија, Предлогот за донесување на законот е усвоен на 11 јули 2003 година. Законот е донесен на 9 декември 2004 година.

Трето, Законот за трговија, Предлогот за донесуввање на законот е усвоен на 10 септември 2003 година, а Законот е донесен на 12 март 2004 година.

Четврто, Законот за угостителска дејност, Предлогот за донесување на закон е усвоен на 10 септември 2003 година, а законот е донесе на 7 сепември 2004 година.

Петто, Законот за парнична постапка, Предлогот за донесување на законот е усвоен на 18 јануари 2005 година. Законот е донесен на 13 септември 2005 година. Во однос на овој закон е прекршен од Владата односно од минатото мнозинство,

претходното во континуитет, член 141 од Деловникот кој што во втората линија цитирам гласи: "Ако мнозинството го повлече Предлогот на закон, должно е да испостави објаснување до Парламентот, Владата, ако Владата го повлече законот, да испостави објаснување зошто го направила тоа". Законот, Предлогот на закон, на денешниот закон е примен од мнозинството, Владата го повлекла објаснувањето зошто уште не е стигнато во Парламент, Мислам дека после овие факти мнозинството, претходното мнозинство во Парламентот не може да инсистира на фетишизација на процедурите, затоа што не само по овој закон, ако треба ќе направиме и истражување и ќе видиме преку 50 флагрантни прекршувања на Деловникот, флагрантни вакви какви што се овие што ги прочитав. Но, ние разбираме зошто се правени, вие не ја разбирате, можеби, оваа ситуација. Во крајна линија мислам дека и вие треба да ја разберете.

Процедурално за збор се јавува господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам.

Земав збор од причина што вие господине Георгиевски сте на место кое е со голема одговорност и секој ваш кажан збор и збор кажан од некој пратеник има своја тежина.

Зборот што го кажавте после тоа што го предложи господинот Рафис Алити, во име на парламентарната група ДУИ и ПДП, беше не основан збор и тоа ме натера да зборувам во овој момент.

Значи, не е не точно или пак не е не процедурално прашањето кое го покрена господинот Алити, затоа што вие во процедурата давате предлози за дневниот ред, а и ние имаме право да дебатираме и да предлагаме, потврдување или поддршка на дневниот ред, или измена на дневнит ред. Во овој случај ние предлагаме повлекување на една точка од дневниот ред и тоа е процедурално прашање, или припаѓа на тие прашања, парекселанс. Доколку може тоа да се направи порано или подоцна, ние можеме да дискутираме за тоа, меѓутоа дека се однесува на процедурално прашање, тоа е парекселанс прашање. А дека ова прашање е политички мотивирано, како што велите вие, тоа исто така држи затоа што тоа е една почитувана куќа каде политичките прашања, всушност се поставуваат како закони, после тие ги уредуваат државничките работи и за тоа нема како да биде поинаку.

Со предлогот што ние го дадовме, јас сакам уште еднаш да разјаснам, сакаме да останеме консенквентни на нашиот став кон овој закон. И тогаш кога бевме дел од Владата и сега, сме на овие клупи каде што сме. Затоа, ова е едно начелно прашање, нема никаква врска со тоа да направиме консензуално прашање, или пак да влеземе во некој круг за кој знаеме дека не води никаде, туку едноставно уште еднаш да се потврди нашиот начелен став дека овој закон не е изготвен од многу аспекти за да биде на дневен ред денес, затоа што не ги исполнува главните барања кои всушност се предвидени како со Рамковниот договор, како со меѓународните стандарди, така и со поврзаноста со другите реформирачки закони, што исто така оваа Влада на господинот Груевски се декларирала дека ќе ги донесе, као што е Законот за обвинители, Законот за Народниот правобранител и други. И ова е во врска со овој закон. И на крајот на краиштата тоа што го кажа господинот Алити е многу јасно. Значи не е обезбеден ниту политички консензус, ниту етнички консензус, нешто што на еден закон, како што е овој, ќе му биде голем недостаток и ќе биде невозможно или тешко да функционира, затоа што овие закони, не само во мултиетнички држави, туку во секоја држава бараат малку поширок етнички консензус. Во мултиетничките држави тие бараат и еден многу посериозен пристап кој се однесува на политичката димензија, меѓутоа и на етничката димензија. Ние сакаме да создадеме простор за оваа расправа, сакаме да создадеме простор за дијалог, за да го направиме законот да функционира и да биде во функција на граѓаните, како што се бара и какви што се потребите на граѓаните на Македонија и на Република Македонија да и дадеме еден закон кој ќе биде прифатлив, закон со кој навистина ќе можеме да се гордееме и законот ќе може да дејствува така кога тој ќе се повредува од страна на ингеренциите што ги има овој закон, без оглед на кој етникум, група или лице, се насочува. Значи бара консензуална поддршка и политичка и етничка консенсуална поддршка. Затоа ние стоиме консенквентни на предлогот. Значи овој закон денес не е зрел за да биде на дневен ред на Парламентот. Затоа беше оваа процедурална забелешка.

**Љубиша Георгиевски:** Од процедурален аспект вашиот предлог за повлекување на една точка од дневниот ред, може да биде земен предвид само откако овој дневен ред ќе стане егзистентен. Значи откако ќе се изгласа дневниот ред, вие потоа предлагате да се повлече една точка од тој дневен ред.

Поентата е во тоа, се додека не го изгласаме дневниот ред кој со тоа станува егзистентен не можете да повлечете точка од дневниот ред. Може да се повлече откако тој дневен ред ќе стане конзистентен. Вака не можете да повлечете, затоа што не може нешто да се повлече од нешто што не постои.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Токму така. Овие зборови требаше вие да му ги кажете на господинот Алити, доколку сте мислеле така, бидејќи вие сте одговорен за оваа работа, а не тие зборови што ги кажавте претходно. Затоа и реагирам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Положани јас сум човек и грешам.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, би ве замолил мојата дискусија односно мојата реакција на вашата забелешка да ја сфатите најдобронамерно. Можевте да ја забележите не само реакцијата на опозицијата, туку и реакцијата на пратениците кои припаѓаа на парламентарното мнозинство.

Јас не знам кој ви ја подготвил оваа теза врз основа на која требаше да го браните она што ние го кажавме. Меѓутоа, верувајте, направивте голема грешка. Вие дозволивте да ја оценувате работата на претходниот Парламент и со тоа да го правдата кршењето на процедурата на овој Парламент. Сакам да ви кажам дека имаме нов Парламент, имаме нов парламентарен состав и имаме нов претседател на овој состав. Токму новиот претседател на парламентарниот состав, а тоа сте вие, се грижи за работата на овој Парламент. Така што, не можам да разберам дека објаснувате, или одите со контра предлог, затоа што така, ако воопшто така разбрал претходниот. Тоа е, како газдата на ФИ-КОМ да каже, мора да имате разбирање што продадов станови на шест луѓе, затоа што тие претходно продавале и молам за разбирање.

Уште еднаш ќе ве замолам најдобронамерно, сфатете дека сте одговорен за работата на овој Парламент, за тоа дали овој парламентарен состав го крши или не го крши Деловникот кој сме го изгласале. Мислам, со такви оценки за претходната работа, да ја правдате работата на овој Парламент, едноставно не ви држи, верувајте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Слободан Најдовски.

**Слободан најдовски:** Почитуван господине претседателе, изгледа тешко се разбираме, не заради друго, туку заради тоа што не сакате да има процедура во ова Собрание. Само два аргументи ќе ви кажам, зошто е процедурална мојата забелешка.

Сето тоа што го прочитавте би требало до крај да го анализирате. Прочитавте кога е предлогот за донесување и кога бил донесен законот. Не значи денот на донесување на законот, согласно Деловникот, дека е ден кога влегол во процедура. Законите кои ги прочитавте биле ставени во процедура како што требало, а кога ќе се донесат, тоа е друго. И по овој закон седницата може да трае 20 дена. Не е прашањето кога е донесен, туку кога е поднесен. Затоа јас најдобронамерно ви кажав. Не е проблем ние тоа да го прифатиме. Да си биде Предлог за донесување, со Предлог на закон и ако нема нови амандмани, како што најавуваа вашите пратеници од вашата пратеничка група, не е проблем да го изгласаме. Затоа сакам да ви укажам, сте се подготвувале, но има голема разлика помеѓу поднесување и донесување, за тоа не треба вас да ви објаснувам затоа што многу подобро тоа литературно го знаете од мене, тоа ви е еден дел од струката. Затоа ви укажувам дека има голема разлика меѓу она што го прочитавте и тоа на што јас интервенирам. Не е прашањето кога се донесува, туку кога се поднесува. Затоа ви велам дека не работите според Деловникот. Но имате мнозинство, а и да немате мнозинство, со 55 гласа вие ќе го изгурате.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Најдовски ќе бидете ли љубезен да ми кажете која е мојата парламентарна група, по Деловникот. Јас немам овде парламентарна група, господине Најдовски, а вие не можете да говорите за Деловник, се додека говорите вака.

Госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

Јас сакам да се осврнам на одредбата од член 160 на која колегите се повикуваат, од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и на рокот од 60 дена на кој што укажуваат.

Ако внимателно се чита став 1 на член 160, навистина стои дека Предлогот на законот се поднесува во форма во која се донесува законот, во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на Предлогот на донесување на законот односно Нацрт на законот.

Се поставува прашањето за значењето на определениот рок од 60 дена односно дали со истекот на овој рок настанува прекузија. Прекузија значи да се губи правото да се преземе дејствието кое е утврдено да се преземе во овој рок.

Никаде во Деловникот, ни од содржината, ни од овој член не произлегува дека по истекот на овој рок не може да се преземе определеното дејствие и фазата од донесувањето на законот дека треба да се врати во почетна форма, ниту тоа произлегува од натамошниот текст. Заради тоа и била воспоставена таквата пракса која вие ја прочитавте, во однос на работата на Собранието во претходниот состав. Според тоа сметам дека има овој рок е само ориентационен, не е да сметам туку сум сигурна, заради тоа што произлегува од истиот офис и од контекст на целата содржина на постапката за донесување на законите. На ваков начин се сакало да се постигне една дисциплина во работењето на телата, и на Собранието и на предлагачот, за кога ќе се започне една работа да се заврши таа што побрзо. Меѓутоа, никако не се губи правото, по истекот на овој рок тоа дејствие да се преземе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Да не правиме натамошни збрки.

Господинот Слободан Најдовски направи деловничка забелешка. После размената на мислења, на крајот, прифати да се работи по предложениот дневен ред. Натаму не треба да расправаме ништо за Деловникот. Јас така разбрав.

Ако не прифатил, ако му е забелешката таква, тогаш вие неговиот предлог ќе го дадете на

изјаснување на Собранието. Секое деловничко недоразбирање Собранието го разрешува со гласање. Нема расправа по тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Интервенција на тоа што кажа почитуваната пратеничка Дулиќ, затоа што ако веќе сакаме да го читаме Деловникот, тогаш да го читаме цел, иако сакам и верувам дека оценката беше добронамерна.

Член 141 вели: "најдоцна во рок од 60 дена од денот на усвојување на Предлогот за донесувањ на закон, предлагачот е должен да поднесе Предлог на закон". Битно е ова "по барање на предлагачот Собранието може да определи и подолг рок". Значи тоа е толкување на она што вие велите дека никаде не е спомнато како тоа да се регулира. Точно е, набележано е по барање на предлагачот. Ние немаме никаква намера да го кочиме донесувањето на овој закон. Напротив. Бараме да се почитува процедурата.

Ако се усвои предлогот на нашиот колега Најдовски, тогаш ќе биде запазена процедурата и ќе имаме одговор на сите оние кои имаат забелешка дека како пратеници или како парламентарен состав, сме ја кршеле деловничката одредба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Гледам, колегата пратеник Слободан Најдовски зборувал на сите седници каде почнува да се расправа и деловнички интервенирал. Дури излегува дека на памет го знае Деловникот и покрај тоа што вие кажавте примери, кога и тој како претседавач на седници на Собрание, како потпретседател, го има, условно да кажам, кршено членот 160 од Деловникот. Но, покрај тоа, која е поентата на колегата пратеник Слободан Најдовски, за цело време да го потенцира Деловникот, дали му е неговата потенцијална шанса или можност во која би се кандидирал за потпретседател на Собранието. Знаеме дека отворена е бројката во однос на потпретседателите на Собранието. Не би требало да сите седници на Собрание да се дава едно различно толкување од страна на еден пратеник кој претходно бил потпретседател. Можеби и од негова страна е прекршуван Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Најдовски имате процедурално?

**Лилјана Поповска:**Претседателе, процедурално, но вистински процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Господинот Најдовски уште еднаш има право да каже. Имајте трпение нека се искаже.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господинот Најдовски се јавува исклучиво процедурално, претседателе. Ако не е процедурално, слободно прекинете ме. Јас почитуван процедура.

И сега се јавувам процедурално заради тоа што не го прекинавте господинот Вељаноски за изнесување на невистини и незнаење.

Прво, потпретседателите на Собранието, ќе види, ќе има шанса, само претседаваат со одредени делови од седниците. Ни еднаш не закажуваат седници. Деловнички, претседателот на Собранието ги закажува седниците, тој го формулира дневниот ред, што значи, господинот Најдовски ни еднаш не го прекршил Деловникот затоа што не предлага и не составува дневен ред.

Втора работа, бидете убедени господине Вељаноски дека ни еднаш не сум го прекршил Деловникот.

И за третото што сакате да импутирате, не сакам воопшто да ви одговарам. Јас бев на таа функција, фала му на Бога, доста е.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Со оглед на тоа што бевме повикани на дисциплина и на почитување на Деловникот, сакам само да укажам процедурално дека во претходниот мандат не се случило ниту еднаш комисиите да заседаваат во термин кога не се во можност да поднесуваат амандмани. За жал, покрај другите преседани и прекршување на процедурата со кој почнавме да работиме во овој парламентарен состав, ние се соочуваме за прв пат, комисиите, за вакви важни закони, да бидат закажани во термини кога пратениците на тие комисии се оневозможени да поднесуваат амандмани.

Претседателе, јас ве молам да им укажете на претседателите на комисиите, ваквата пракса во иднина да ја избегнуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Уште Лилјана Поповска и ќе ја заклучам дискусијата по процедури.

Повелете госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Претседателе, имам процедурална забелешка на текот на овој дел од седницата. Сметам дека треба да се вратиме на процедурата и повеќе да не се злоупотребува терминот процедурално реагирање. Имено, имавме два предлога. Еден предлог на господинот Рафис Алити и еден предлог на господин Слободан најдовски. Мислам дека по нив едноставно треба да се изјасниме и да продолжиме понатаму и во иднина да не дозволиме вашата толеранција и отворен однос, да бидат злоупотребени. Јас апелирам до вас, да се држите до процедурате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до предлогот на пратеничката група на ДУИ, јас го дадов предлогот, ќе се произнесеме во однос на нивниот предлог кога ќе

биде процедурално коректно, а тоа е откако ќе се усвои дневниот ред.

Што се однесува до предлогот на господинот Најдовски, јас не сум за тоа да се изјаснуваме, затоа што процедурата е во ред.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Присутни се 99 пратеници, 57 гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија одржа седница на 28.09.2006 година на која го разгледа извештајот доставен од Државната изборан комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик број 10-1650/1 од 27.09.2006 година. И врз основа на член 125 од Деловникот на Собранието на Република Македонија поднесе извештај до ова Собрание.

На седницата на Комисијата воведно излагање по извештајот на Државната изборна комисија поднесе членот на ДИК господинот Александар Новаковски. Комисијата разгледувајќи го извештајот на Државната изборна комисија за превземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик констатира дека се исполнети условите за примена на членот 153 од Изборниот законик.

Комисијата исто така, едногласно констатира врз основа на извештајот од Државната изборна комисија дека нема основ за оспорување на верификација на мандатите на пратениците.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија согласно член 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието да ги верифицира мандатите на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот на мандатот и тоа госпоѓа Марија Андоновска и господинот Стојче Крстевски од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ, Либерална партија на Македонија, Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Партија на движење на Турците во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Странката на Власите од Македонија, Европската партија на Македонија, Партија на зелените, Народното движење на Македонија, Бошњачката демократска партија, Партија на демократските сили на Ромите на Македонија и Партија за интеграција на Ромите.

**Љубиша Георгиевски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ги ставам на гласање за верификација на мандатите на пратениците Марија Андоновска и Стојче Крстевски.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници. За гласале 74 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Марија Андоновска и Стојче Крстевски.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за полиција**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени.

Процедурално, господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Почитувани колеги, врз основа на член 76 од Деловникот на Собранието на Република Македонија каде се предвидува можноста секој пратеник во текот и до завршувањето на расправата за дневниот ред да има можност, или право да побара да се повлече од дневниот ред соодветната точка. Имено, оваа правна основа, или овој член од Деловникот ми дава право јас да барам од ова Собрание точката за која вие отворивте расправа, да се повлече од дневниот ред со едно образложение. Ние како парламентарна група на Коалицијата ДУИ - ПДП сметаме дека Предлог законот е во директна спротивност не само со уставните одредби, туку и со други законски одредби. Се говори за амандманот 5 од Уставот на Република Македонија во кој се говори за употребата на јазиците, а посебно во овој контекст би рекол во став 4 каде се говори за правото на комуникацијата на граѓаните со државните органи. Додека анализирајќи го текстот на овој Предлог закон ќе дојдеме до заклучок дека овој Предлог закон, ниту еден збор не говори за прашањето на комуникацијата на граѓанинот со полицијата како независен орган во иднина како што е предвидено.

Второ, ние цениме дека текстот на овој Предлог закон е во непосредна спротивност со анексот Б, точка 4 од Охридскиот Рамковен договор.

И посебно во овој контекст би нагласил за спротивставувањето на одредбите од овој закон со членот 36 од Законот за локална самоуправа

став 1 точка 13. Овие се трите основи, би рекол јаки правни основи зошто ние како коалиција ДУИ-ПДП бараме да се повлече оваа точка од дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за тоа точката 2 - Предлог на закон за полиција да се повлече од дневниот ред?

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 101 пратеник, гласале 67 пратеници, 15 пратеници гласале за, воздржан 1 и против 51 пратеник.

Според тоа, констатирам дека не е усвоен пределогот на пратеничката група на ДУИ.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Врз основа на членот 32 став 2 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија јас како пратеник истовремено ве потсетувам дека во ова Собрание била парламентарна практика претседателот на Собранието во моментот на отворање на расправа за точка од дневниот ред да ги информира пратениците во однос на начинот на донесување на соодветниот Предлог на закон. Бидејќи вие тоа не го направивте, јас во согласнот со член 32 став 2, барам од вас да не информирате за тоа како и врз која основа и на кој начин ќе се донесе законот за полиција.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза од 15 минути за консултации.

(Пауза од 12,37 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,13 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со седницата.

Бидејќи пратеникот Аднан Јашари предложи овој закон Собранието да го донесе согласно амандманот 10 став 2 од Уставот на Република Македонија, предлагам Собранието да се произнесе дали има потреба за овој предлог да се изјасни Комитетот за односи меѓу заедниците кој, согласно амандманот 12 точка 1 став 6 од Уставот, одлучува во случај на спор по ова прашање.

Господинот Јашари процедурално.

**Аднан Јашари:** По се изгледа не сме се разбрале. Јас барам информација од вас. Вие имате обврска врз основа на Деловникот да не информирате како и на кој начин ќе се донесе овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Само со тоа што не се тематизира Бадентеровиот закон во предлогот, јасно е што предлагам. Но, бидејќи настана спор, сите ќе се согласиме дека има спор, го прифаќам вашиот процедурален предлог да се обратиме на Комитетот кој по Уставот е надлежен за тоа. Не гледам што е спорно.

Процедурално госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Бидејќи Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците, согласно амандманот 12 од Уставот на Република Македонија, ние сме должни како Собрание да го почитуваме Уставот.

Во овој член од Уставот никаде не се вели дека Собранието одлучува Комитетот да заседава, туку напротив се вели дека Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Република Македонија и дава мислење и предлози за нивно решавање.

Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе Одлука во врска со нив.

Значи, Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот, меѓутоа, не и да гласа и да носи одлука за тоа Комитетот да заседава. Комитетот заседава по свое убедување за одредени прашања кои смета дека ги тангираат односите меѓу заедниците.

Доколку влеземе во процедура на изјаснување дали Комитетот да заседава или не, тогаш во суштина го кршиме Уставот. Единствено Собранието може да гласа и да одлучува по предлозите и мислењата на Комитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против, важно е дека имаме спор и важно е дека за тоа е надлежен Комитетот.

Според тоа, го молам претседателот на Комитетот, давам еден час пауза, да одржи седница на Комитетот.

(Пратениците од ДУИ реагираат од место).

Вие спорите хорски.

Дајте, ве молам, еден да говори, немојте така. Вие тврдите дека нема спор, а од авион се гледа дека има спор.

(Пак пратениците од ДУИ реагираат)

Вие процедурално споревте .

Мислите да се изјаснам лично?

Јас се изјаснив. Штом не е спомнато, мислиме дека не треба. Што треба да се изјаснувам пак?

(Пратеникот Рафис Алити излегува на говорница пред да побара збор).

Ајде побарајте збор за да ја запазиме формата.

**Рафис Алити:** Во овој Парламент веќе не бараат збор, во тоа е проблемот. Кој како сака излегува и затоа јас така излегов. И завчера имаше луѓе кои излегоа, па никој не реагираше. Јасно е дека се кршат сите процедури.

Членот 34 е многу јасен, доколку треба јас ќе ви го прочитам на македонски јазик, меѓутоа, дека овде нема никаков спор, туку спор сака да создаде мнозинството, тоа е многу јасно, прочитајте го членот 12 од Уставот или ова што се вели во Предлог законот за полиција, ќе го прочитам на македонски јазик.

Имено, на полициски овластувања повикување, приведување и задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира за причините од

повикување, приведување или задржување. На јасен начин да го поучи за право да молчи, право да се советува со бранител, право на бранител за време на полициската постапка, право на лекарска помош ако тоа лицето го бара, како и за правото да се извести член од неговото семејство или нему блиско лице.

Додека членот 12 од Уставот јасно вели дека законите кои се во однос на употребата на јазикот или културата нема никаков спор дека се оди со двојно мнозинство или не. Тој член е многу јасен дека тие закони треба да се гласаат со двојно мнозинство. Ние гледаме многу јасно како парламентарна група дека од претседавачот на ова Собрание на оваа седница се настојува да се создаде тој спор и еднаш да се расправа, а потоа Комитетот да донесе одлука.

Ние сме многу јасни дека тука нема никаков спор и бараме претседавачот јасно да каже дека ќе се гласа според Бадентер или не од причина што е тоа негова должност.

Затоа лидетот на ВМРО-ДПМНР господинот Груевски неколку пати го менуваше својот став било кога доаѓал во Собранието односно било да е во државата или надвор од државата во Брисел вели едно, а кога се враќа во Република Македонија вели сосема нешто друго.

Инаку и други лидери на некои партии неколку пати ги менуваат своите ставови предпладне велат нешто друго, а попладне нешто друго, како што е претставничката на ВМРО-Народна партија, од ДПА и други.

Ние сме многу јасни бараме од претседавачот на седницата јасно да се искаже дали ќе се гласа според Бадентер или не, бидејќи работите се многу јасни, ние сметаме дека се повредува Уставот, се повредува Рамковниот договор, се повредува Деловникот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Госпоѓа Јаневска бара процедурално.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам претседателе, координаторите на пратеничките групи на координацијата се сведоци дека јас ниту сум давала изјави, ниту сум менувала ставови, ваша должност е претседателе кога некој изнесува невистини на собраниската говорница да го прекинете и да не му дозволите да зборува такво нешто.

Пред само пет минути заврши координацијата, не сум променила никаков став и не знам зошто се прозива ВМРО-Народна партија кога ова воопшто не е момент каде ВМРО-Народна партија може да одлучува.

Се знае Деловник, се знае Устав, се знаат закони и по тоа треба да се работи. Ви благодарам.

(Реакција од страна на пратениците на ДУИ)

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не, процедурално јас земам збор.

(Еден од пратениците на ДУИ прашува како пратеник земате збор?).

Не, не, како претседател на Собранието.

Амандман 12:

Прво, Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците.

Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои 7 члена од редот на пратениците на Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци.

Доколку некоја од заедниците нема пратеници, Народниот правобранител по консултации со релевантните претставници на тие заедници ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

Собранието ги избира членовите на Комитетот.

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислења и предлози за нивно решавање.

Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со тоа.

Во случај на спор во врска со спроведување на постапката за гласање во Собранието, утврдена во членот 69 став 2, Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроведе постапката.

Второ, со точката 1 од овој амандман ... се заменува членот, според овој амандман преземајќи ја комплетната одговорност, го замолувам Комитетот за односи меѓу заедниците, давам еден час пауза, да донесе мислење.

(Пратеник од ДУИ бара збор).

Тоа е процедурата, после тоа мислење ќе добиете збор.

Еден час пауза.

(Пратеници од ДУИ излегуваат на говорница, но претседателот даде пауза).

Седницата прекина во 13,26 часот.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, поделена ви е Одлуката што ја донесе Комитетот за односи меѓу заедниците. Дозволете ми да ја прочитам.

Согласно амандман 12 точка 1 став 6 на Уставот на Република Македонија, ве известувам дека Комитетот за односи меѓу заедниците на седницата одржана на 29 септември 2006 година, во врска со спорот на спроведувањето на постапката за гласање по Предлогот на законот за полиција, одлучи дека Предлогот на законот за полиција не содржи одредби во смисла на амандман 10 точка 2 на Уставот на Република Македонија, поради што, за донесувањето на овој закон не е потребно мнозинството утврдено со амандманот 10 точка 2 од Уставот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

За процедурално се јави господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Најнапред и наспроти фактот дека нема никаков спор, кој би бил објект на разидување од страна на Комитетот, бидејќи во амандманот, или уставните амандмани многу јасно е дефинирано прашањето кои закони се носат, или одат со двојно гласање, или според Бадинтеровиот принцип.

Доколку се анализира амандманот 10 став 2, ќе дојдеме до констатација дека сите специјални закони, лекс специјалис, како што е Законот за полиција, кои непосредно се поврзани со јазикот, додека неоспорен е фактот дека Законот за полиција, како специјален закон, ќе нагласам, не е генерален закон, е поврзан непосредно со јазиците . На пример во членот 34 од овој Закон, закони поврзани со образованието и тн., треба да се донесат со двојно гласање.

Од друга страна, доколку се анализира внимателно амандманот 12, став 4, исто така, ќе дојдеме до констатација дека Комитетот може да разгледува прашања и е задолжен да носи одлуки за давање предлози. Во став 5 од овој амандман за разгледување на мислењата и предлозите на Комитетот и за овие предлози и мислења да донесе одлука.

Во оваа насока, ве молам почитувајте го амандманот 12 став 5.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има некој друг процедурално.

Ова не е баш процедурално. Ние немаме право по Устав да ги коментираме одлуките на Комитетот.

(Има реакции од место).

На кој став мислите?

**Аднан Јашари:** На амандманот 12 став 5.

**Љубиша Георгиевски:** По кој член интервенирате, само треба да прочитате. Не треба овде да доаѓате, само кажете по кој член, по кој став.

Значи за амандман 12 став 5.

Прочитајте ве молам. Ова е став 6. Ние одлучуваме по став 6. Оваа е одлука на Комитетот. Став 4 е друга.

Став 4 Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислење и предлози за нивно решавање. На тоа ли мислите?

**Аднан Јашари:** Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е друга ситуација. Повелете оспорете го ова пред Уставен суд. Оваа е чиста опструкција. Повелете, оваа процедура оспорете ја пред Уставен суд.

Ние продолжуваме.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Треба да се почитува и Уставот и Охридскиот договор. А вие не го по!итувате не само денеска, туку и другите денови.

**Љубиша Георгиевски:** Ние го немаме на дневен ред Рамковниот договор. Имаме на дневен ред нешто друго.

**Рафис Алити:** Треба да се расправа по мислењето на Комитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам прво побарајте збор, како што е ред. Ве молам побарајте збор како што е ред, по втор пат ве предупредувам. Тоа е моја деловничка обврска да ве предупредам дека не можете да зборувате ако не побарате збор.

**Рафис Алити:** Дали така се однесувавте кога зборуваше господинот Матоши.

**Љубиша Георгиевски:** Го замолив господинот Матоши исто така, да побара збор.

**Рафис Алити:** Нема што да замолувате. Вие треба да го почитувате Правилникот.

**Љубиша Георгиевски:** Што ве чини да побарате збор. Ќе добиете збор.

Ги замолувам координаторите на пратеничките групи да одат во сала 8.

(Предлагам пауза од 15 минути)
(По паузата седницата продолжи во 15,53 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Јас реков дека е крајно време да продолжиме со седницата.

Повелете, пријавете се прво, бидејќи велите дека е друго процедурално прашање.

**Абдулади Вејсели:** Еве се пријавив.

Јас ќе ве замолам да ни кажете, вие знаете дека ние имаме рамазански пост. Во 17,00 часот ние треба да се подготвуваме да одиме секој на свое место за тој церемонијален ритуал во домашна атмосфера. Немојте да ни забраните ние тоа да го славиме, дека тоа ни е верски празник и затоа мислам дека ние треба да одлучиме сега да работиме до 17,00 часот и никако повеќе.

Слушам гласини дека ќе дадете пауза и ќе продолжите. Тоа веќе е неприфатливо за нас ако одиме секој на своја страна од Липково па до Струга, па пак да се вратиме. Ние сакаме да бидеме дел од расправата.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете, господинот Алити може да ви посведочи дека на координациониот состанок јас реков дека пауза за ифтар од 1 час ќе добијат сите припадници на исламската вероисповест.

**Абдулади Вејсели:** (Без уклучен микрофон од место)

Вие одлучувате кога да имаме пост, кога да јадеме.

**Љубиша Георгиевски:** Не, јас реков.. .

**Абдулади Вејсели:** (Без уклучен микрофон од место)

Јас сакам дома да ручам. Ќе ми забраниш?

**Љубиша Георгиевски:** Не, во никој случај не.

**Абдулади Вејсели:** (Без уклучен микрофон од место)

Ако е такво диктаторско однесување. Затоа го отворив ова прашање, затоа што е многу битно прашање. Не играјте со верските чувства.

**Љубиша Георгиевски:** Не, во никој случај. Не ми паѓа на памет. Тоа што сакате вие мене да ми импутирате тоа е друга работа.

Мојот предлог е следниот. Ве молам, со гласање да се изјасниме.

**Абдулади Вејсели:** (Без уклучен микрофон од место)

Какво гласање? Кој ќе гласа за мене кога ќе одлучуваме?

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, не ми упаѓајте во збор, не ме титуирајте, не сме ние толку блиску да ми се обраќате пер ту. Да не ми упаѓате во збор и да имате еден пристоен тон. Мојот официјален предлог е, јас само можам да дадам предлог за Собранието, мојот официјален предлог е да работиме до 21,00 часот денес со пауза за ифтар од 18,00 до 19,00 часот.

Молам да гласаме по тој предлог.

(Реакција на пратеникот Абдулади Вејсели со зборовите: "Кој ќе обезбеди превоз за нас до Струга и да се вратиме назад?")

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 81 пратеник, 51 пратеник гласал за, воздржани нема, против нема.

Продолжуваме денес според изгласаната агенда.

(Пратеникот Вејсели бара процедурално збор)

Нема повеќе процедурално.

**Абдулади Вејсели:** (Без уклучен микрофон се упатува кон говорницата и кон претседателот)

Ти не играш со моите верски чувства, не ти дозволувам, ниту си ми ја дал верата. Сакам да те поддржувам во твојата вера, те поддржувам сега кога имаш секакви права.

Сакаш да си играш со моите верски чувства? Ти ќе одлучуваш кога јас ќе имам ифтар или нема да имам ифтар? Ти ќе одлучуваш дали јас ќе постам или нема да постам? Сакаш со сила? Сакаш да бидеш тоталитарец? Еднаш во ова Собрание рекоа дека си многу добар и толерантен и за етничка припадност, но вие сте биле тие кои не сте толерантен по верска основа. Нека види цела Македонија колку сте...

(Реакција на многу пратеници во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 16,00 до 16,15 часот.)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со седницата.

Со оглед на начинот како се прекина седницата, се сметам за должен да дадам извинување на сите пратеници од муслиманска религија.

Што се однесува до сукобот меѓу мене и мојот пријател Вејсели, имаше доста недоразбирања, тоа е прашање на темперамент понекогаш, сакам уште еднаш да ве уверам дека никогаш со ниеден свој напис, со ниеден свој став експлицитно не сум навредувал ниедна религија затоа што сум јас верник, а дека тоа беше еден лош момент говори можеби и фактот што од едно мноштво Муслимани во салата еден, можеби почувствителен, можеби и со право, јас го разбирам, реагираше бурно. Но апелирам притоа да ги избегнуваме дискусиите кога немаме збор, да избегнуваме агресивни дискусии кога тоа воопшто не е нужно и притоа, за да го потврдам моето извинување како релевантно, ја преиначувам агендата и предлагам да работиме до 17,30 часот, бидејќи во 18,15 часот почнува ифтарот, сите да имаат можност да се соберат во своите домови. Благодарам.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Процедурално, има збор пратеникот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Господине претседател, од поодамна барам процедурално да се изјаснам, меѓутоа, бидејќи не ми е манир агресивен настап стрпливо чекав до овој момент.

Јас би сакал само да ве потсетам дека согласно правниот систем што го има Република Македонија, само одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни. Според тоа, Комитетот за односи меѓу заедниците не може да донесува конечни и извршни одлуки. Може да донесе ставот 6 од Амандманот, се однесува на кој начин Комитетот донесува одлука, значи со мнозинство гласови. Меѓутоа, секоја одлука на Комитетот, сите мислења и сугестии на Комитетот одат на Собранието како највисок законодавен дом на земјата.

Според тоа, сега се изменети околностите, она што согласно процедурата треба да се направи е да се прекине седницата, да се закаже седница со точка на дневен ред разгледување на Предлогот на Комитетот за односи меѓу заедниците, за да може ова Собрание да одлучи дали Законот за полиција ќе се донесе со Бадинтерово мнозинство и дури потоа да се премине на дневниот ред со работа. Ова е единствениот начин кој што го предвидува Уставот, се друго е мајоризација односно одлука на мнозинството во ова Собрание.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислам дека процедурата е в ред уставно и ве повикувам да работиме, а овие пратеници што се јавиле за збор да го слушнеме.

Нека повели пратеникот Хани Тахир процедурално.

**Хани Тахир:** Ги поздравувам сите пратеници. Јас мислам дека тука имаме процедурална реакција

од причина што врз основа на амандманот 12 од Уставот на Република Македонија на дециден начин таму е кажано дека Собранието е обврзано да ги разгледува мислењата и предлозите дадени од страна на Комитетот и да донесе одлуки за истите. Мислам дека во ова Собрание од страна на пратеникот Аднан Јашари не се покрена спор за тоа, туку тој побара од страна на претседателот на Собранието да се даде објаснување и да се изјасни за тоа дали овој закон ќе се донесе со двојно мнозинство или со мнозинско гласање. Бидејќи и Комитетот го даде своето мислење, јас мислам дека овој предлог треба да помине врз основа на ставот 5, значи Собранието треба да го разгледа мислењето на Комитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели пратеникот Адеми Џеват.

**Џеват Адеми:** Многу членови на Уставот на Република Македонија денес се спомнаа, се спомнаа исто така и многу амандмани и многу пати се спомна постапката и процедурата на работата на Собранието на Република Македонија. Доколку целта е да се прекрши процедурата и постапката, секогаш ќе се изнајдат толкувања да се образложи тоа кршење.

Јас овде нема да го цитирам ниту амандманот 10, ниту амандманот 12 од Уставот, ниту членот 34 од Законот за полиција, но ќе ве замолам сите заедно да размислиме за една работа: Кво вадис Македонија?

Денес со една апсурдна мисла, на еден пооспорен Комитет, на еден нелегитимен Комитет и со еден потпис на еден пратеник, кој за жал е Албанец, се укинува правото на претставниците на немнозинските заедници да одлучат за судбината на заедниците чии претставници се тие.

Ве молам, не се говори за партиски интереси, ова е интерес на ДУИ или ПДП, овој закон да не се донесе. Јас ќе ви кажам не. Ние ќе донесеме и други закони, ќе дојдат и други предлози пред нас. За жал, докажуваме уште еднаш отсуство на одговорност.

Не е мала работа со едно толкување на наводна постапка да се елиминира едно право и тоа гарантирано и со Уставот, да се елиминира релевантноста на една институција, именувана како Комитет за односи меѓу заедниците, за коњуктурални интереси. Дозволете ми да ве прашам јавно зошто толку многу брзате, кој ве тера да брзате толку? И така овој закон, за кој имате мнозинство и ќе го донесете, дури со махинациите од пред 2 дена обезбедивте мнозинство и во самиот Комитет, зошто брзате и зошто не ни дадете можност на сите нас...

(Опомена од претседателот за времето на процедуралната забелешка)

Ве молам, дозволете ми да ја завршам мислата. Јас можам да прекинам со моето излагање.

(Пратеникот продолжува да зборува на македонски јазик на говорница)

Ајде да бидеме одговорни, бидејќи страв ми е дека не се разбираме. Ова што говорам на албански јазик, сакам да ве научам да слушате и албански.

**Љубиша Георгиевски:** Не е проблем во албанскиот, времето е проблем.

**Џеват Адеми:** Време имаме ако сакаме да донесеме умни...

**Љубиша Георгиевски:** Три минути имате за вашиот процедурален настап.

**Џеват Адеми:** Ќе ме натерате сто пати да барам збор по 3 минути. Дозволете ми да се искажам.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете, морам да постапам по Деловникот, имате поминато 47 секунди.

**Џеват Адеми:** Уште еднаш јавно и гласно ќе ве прашам не дали сте свесни, туку дали сме свесни во какви води навлегуваме.

(Пратеникот продолжува да зборува на албански јазик)

Дали можеме да разбереме дека по сето ова, ова е демократија...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Адеми, сето ова можете да го кажете во време на отворен претрес по расправа, ништо не пречи. Таму спаѓа оваа дискусија и тогаш можете да говорите пола час, еден час, колку сакате. Дискусијата не спаѓа овде. Тогаш ќе ви дадам збор и говорете колку сакате.

**Џеват Адеми:** Со еден потпис на пратеникот...

**Љубиша Георгиевски:** Веќе зборувате три минути, повеќе од една минута помина. Процедуралната забелешка трае три минути.

**Џеват Адеми:** Од моите три минути ми одземавте една минута, барам уште една минута.

**Љубиша Георгиевски:** Земете збор, колку сакате говорете кога ќе се отвори претресот. Колку сакате, тоа е исто.

**Џеват Адеми:** Пред да се отвори претресот сакам да ви укажам дека ова што го правиме сите...

**Љубиша Георгиевски:** Добро, што да правам сега? Дали да го слушам законот или вас, кажете ми?

**Џеват Адеми:** Не, вие произволно го толкувате Уставот. Вие наметнувате одредби што Комитетот не ги има. Овде немаше спор.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза 15 минути.

(Паузата отпочна во 16,25 часот)

(По паузата)

Продолжуваме со седницата.

Има збор процедурално пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Во име на нашата парламентарна група, поради натамошни консултации околку повредата на процедурата ние бараме еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, 1 час пауза, што значи, ја прекинува денес седницата, а кога ќе биде продолжението ќе бидете навреме регуларно известени.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина во 16,40 часот)